Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен инспекторат за
животна средина
Inspektorati Shtetëror i
mjedisit jetësor
Бр. - Nr 02-1480/1
26.12.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR
Бр.-Nr. 02-1480/1
26.12 20 23 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# Годишен план за проценка на ризици од корупцијата во Државниот Инспекторат за животна средина за 2024 година

декември, 2023 година

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Во согласност со Заклучокот број 41-17/55 од 28.06.2022 година донесен од Владата на Република Северна Македонија, а согласно со Извештајот за усогласеност со ГРЕКО (петти круг на евалуација), а во однос на Препорака II, во рамките на законски надлежности на Државниот Инспекторат за животна средина, директорот на Државниот Инспекторат за животна средина донесе:

# Годишен план за проценка од ризици од корупција во Државниот Инспекторат за животна средина за 2024 година

## 1. ВОВЕД

### 1.1 Цел на планот

Годшниот план за спречување на корупцијата во Државниот Инспекторат за животна средина за 2024 година е резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, а има за цел преку детектирање на слабостите во процесите и делокругот на работа во Државниот Инспекторат за животна средина да придонесе за искоренување на корупцијата и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди владеење на правото, како и квалитет, ефективен и ефикасен придонес во борбата против корупцијата.
Планот за борба против корупција опфаќа различи аспекти, од дефинирање на корупцијата, до тоа што секој вработен може да стори за да ги идентификува и управува етичките дилеми и ризикот од корупција.
Овој план се фокусира на утврдување конкретни активности за контрола и превенција на појавата на корупција.

Обврска на сите вработени во Државниот Инспекторат за животна средина е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот и други прописи донесени врз основа на закон. Потребно е секој вработен да го почитува Етичкиот кодекс на однесување, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.

Цели кои се утврдуваат со овој план се создавање и унапредување на воспоставената антикорупциска инфраструктура во Државниот Инспекторат за животна средина, преку унапредување на примената на законските и подзаконските акти со кои се регулира областа на борбата против корупцијата, зголемување на транспарентноста во работењето на Државниот Инспекторат за животна средина и создавање на одржлива институционална и правна рамка за борба со корупцијата која истата треба да ја намали во прифатливи граници и да ја сведат на маргинална општествена појава.

### 1.2 Целна група

Спроведувањето на Годшниот план за спречување и борба против корупцијата се однесува на сите вработени во Државниот Инспекторат за животна средина.

### 1.3 Основни поими согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

**Корупција** –согласно Законот за спречување судир на интереси-корупцијата се дефинира како злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:

**Пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

**Активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Судир на интереси** - состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Јавен интерес** - се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста,

заштита на животната средина, водите и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

**Приватен интерес** - материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршење на јавните овластувања и должности.

**Ризик од корупција** - подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет** - подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

## 2. ГЛАВЕН ДЕЛ

### 2.1 За Државниот Инспекторат за животна средина

**Мисија**

Обврските и должностите на Државниот Инспекторат за животна средина проектирани на среден рок, ќе бидат фокусирани врз одржување на системот на заштита на животната средина во континуитет, особено од аспект на унапредување и контрола на системот на издадени дозволи и други одобренија (Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето-Еколошки Дозволи и усогласување со новата Директива за Индустриски Емисии; решенија за одобрување на елаборати, дозволи за управување со опасен отпад и различните текови на опасен отпад, како и други форми

на сертификација на активности и дејности од аспект на заштита на животната средина) и спроведување на легислативата.

Својата мисија Државниот Инспекторат за животна средина ја остварува превентивно почитувајќи го начелото на превенција како основен постулат преку едуцирање на субјектите на надзор (организирање на обуки, семинари, работилници, издавање на брошури, информирање на индустриските оператори преку Интернет страницата на ДИЖС www.sei.gov.mk), односно преку спроведување на инспекциски надзор над физичките и правните лица (субјекти на надзорот), како и изрекување на соодветни инспекциски мерки и санкции во инспекциска постапка со цел отстранување на утврдените неправилности и непочитување на законските прописи, пред се почитувајќи го јавниот интерес и правилото на превентивност согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор и новиот Закон за инспекциски надзор во животната средина.

**Визија**

Визијата на Државниот Инспекторат за животна средина е базирана врз обезбедување на здрава животна средина за сите граѓани како уставна категорија преку целосно и ефикасно спроведување на законодавството и усогласување на индустријата, вршителите на активности и дејности согласно законските прописи од областа на животната средина.

Критериумите кои се базирани на документите на ЕУ, како што се "RMCEI" и "Правење на вистинските работи "(„Doing the right things"), а се во функција на остварување на Визијата на Државниот Инспекторат за животна средина се:

- Постоење на национален годишен план/програма за инспекциски надзор
- Следење на работењето врз основа на индикатори и добиени резултати
- Програма за квалитет и конзистентност за инспекција на животната средина
- Тематски приоритети (пристап базиран на ризик)
- Изготвена стратегија за имплементација/применливост
- Прирачник за инспектори (вкл. RMCEI) и наменски прирачници
- Ефикасно користење на расположливите правни санкции
- Транспарентност на известување со помош на електронски алатки
- Борба со корупцијата
- Одредби за 24/7 служба за надзор на животната средина
- Структуриран приод за обработка на поплаки/претставки

- Можности за координација и / или надзор
- Меморандум за разбирање меѓу државните и локалните инспектори
- Техничка и правна поддршка
- Програма за обука на инспектори (ментор систем вкл.)
- Постоење на акредитирани лаборатории за тестирање и анализа на мостри
- Потребна опрема за вршење на инспекциски надзор

Нашата визија е да бидеме дел од еден ефикасен систем за остварување и заштита на правата на граѓаните пред органите на државната управа и преку неселективна примена на инструментите на инспекцискиот надзор да дадеме сериозен придонес во реализација на владината програма за создавање на сервисно ориентирана администрација која ќе биде во служба на граѓаните.

**Надлежност**

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Државниот Инспекторат за животна средина е орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, а согласно измените и дополнувањето на Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр.187/2013) членот 194 став (7), Државниот Инспекторат за животна средина има својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос. ДИЖС веќе го применување новиот Закон за инспекциски надзор во животната средина.

Основна функција на Државниот Инспекторат за животна средина е спроведување на инспекциски надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водите. Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување, заштита на гео и биодиверзитетот, посебното природно богатство (Национални Паркови, споменици на природата, парк шуми, орнитолошки резервати и други заштитени подрачја со закон), заштита на озонската обвивка, заштита од штетна бучава емитирана во животна средина, превенција од еколошки инциденти.

Со Законот за животната средина и Законот за инспекциски надзор во животната средина се уредуваат начелата, надлежноста, организацијата на ДИЖС, како и

постапките на инспекцискиот надзор. Цел на Законот е организирање на ефикасен систем на инспекциски надзор во областа на заштитата на животната средина. Работењето на Инспекторатот покрај со Законот за животната средина е дефинирана и регулирана и со Законот за заштита на природата (Државните Инспектори за заштита на природата), Законот за Водите (Водостопанските Инспектори), како и дваесет и седум останати закони и околу двестотини и педесет подзаконски акти.

ДИЖС генерално врши инспекциски надзор на инсталациите кои имаат ИСКЗ А дозвола како и оние со ИСКЗ Б дозвола доколку се лоцирани во заштитени подрачја. Тие се одговорни за правилно усогласување, проверување и спроведување на законите, подзаконските акти и други одредби во областа на животната средина.

ДИЖС врши надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водите.

### 2.2. Референци

**Доследна примена на законската регулатива - законски и подзаконски акти**

- Закон за инспекциски надзор во животната средина
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за животната средина
- Закон за водите
- Закон за заштита на природата
- Останати закони од областа на животната средина (отпад, воздух, бучава итн.)
- Закон за општата управна постапка
- Закон за административни службеници
- Закон за вработените во јавниот сектор
- Уредба за канцелариско и архивско работење
- Упатство за начинот и техниката на постапувањето со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење

### 2.3 Мерки и активности за остварување на целите на планот

#### 2.3.1 Јакнење на интегритетот на вработените, градење на култура на нетолерантност кон корупцијата

Спроведување на обуки за вработените во Државниот Инспекторат за животна средина за јакнење на свеста преку соработка со ДКСК, МИОА и други релеванти институции за конкретната област. Обуките ќе се спроведуваат континуирано за сите вработени во Државниот Инспекторат за животна средина, односно професионалното и стручно усовршување на вработените ќе биде постојана активност, со цел специјализирање на областа за борба против корупција како и зајакнување на интегритетот на вработените.

#### 2.3.2 Примена на законската регулатива со кои се регулира областа на борбата против корупцијата

Неопходно е доследно почитување на Законот за инспекциски надзор во животната средина, Законот за животната средина, Законот за водите и Законот за заштитата на природата и сите останати закони од областа на животната средина, како и Законот за инспекциски надзор од каде произлегуваат надлежностите на инспекторите за спроведувањето на инспекциските надзори, текот на инспекциската постапка, изрекување на инспекциски мерки и чие доследно спроведување би влијаело врз законското и правилно извршување на работните задачи кои спаѓаат во делокругот на нивните надлежности.
Задолжително и доследно спроведување на одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси и почитување на законските одредби при вршење на работните цели и задачи од делокругот на работењето на Државниот Инспекторат за животна средина.
Вработените во Државниот Инспекторат за животна средина при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси. Потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.

#### 2.3.3 Почитување на Етичкиот кодекс на инспекторите и Етичкиот кодекс на административните службеници

Секој инспектор и административен службеник потребно е да има висок степен на познавање на двата кодекси каде е утврдено дека инспекторите и административните службеници не смеат да се поставаат во материјална или друга зависност од други лица или органи, инспекторите не смеат да ги користат службените овластувања со цел

стекнување лична корист, а имаат обврска да се спротивставуваат на сите форми на корупција во рамките на Државниот инспекторат за животна средина.
Поттикнувањето на доброто постапување и однесување на службениците ќе ја зајакне довербата на граѓаните во работата на Инспекторатот. Административните службеници своите работни задачи да ги извршуваат посветено и професионално, работејќи непристрасно.
Административните службеници при вршење на своите приватни работи да не го користи статусот на службеник заради остварување на лична корист и злоупотреба на службена должност. Со цел подигнување на довербата на граѓаните како и транспарентност и отчетност на Државниот Инспекторат за животна средина секој вработен е должен да обезбеди соодветни, навремени и целосни информации во делокругот на своето работење, при тоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци.

**2.3.4 Зголемување на институционалната транспарентност и доследно спроведување за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Транспарентноста за работата на Државниот Инспекторат за животна средина треба да се однесува за сите прашања од делокруг на надлежностите на истиот, која подразбира дека на јавноста ѝ треба да и се лесно достапни законите, буџетите и информациите за активности на Државниот Инспекторат за животна средина.
Државниот Инспекторат за животна средина ќе продолжи со навремно и континуирано објавување на информациите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. На веб страната на Државниот Инспекторат за животна средина и понатаму ќе се продолжи со практиката да се објавуваат информации, извештаи и настани кои се поврзани со работата на Државниот Инспекторат за животна средина.
Одржување и учество на обуки на вработените за ЗСПИЈК, а за таа цел воспоставување на соработка или потпишување на Меморандум за соработка со АЗСПИЈК.

**2.3.5 Воспоставување на Систем за управување со ризици за појава на корупција**

Проценката на ризикот од корупција ќе овозможи воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази и ќе овозможи со ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултати во борбата против корупцијата.
За таа цел во Државниот Инспекторат за животна средина, ќе се изработи Регистар на ризици и План за третирање на истите. Регистарот на ризици е основа за управувањето со ризиците и нивно третирање. По изработка на Регистарот ќе се премине кон

управување со ризиците преку конкретни мерки и актиности и истиот ќе подлежи на ревизија еднаш годишно.

### 2.3.6 Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и процесот за управување со јавните финансии

Со цел да се заштити јавниот интерес, да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите, зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, засилување на контролата врз спроведувањето на јавните набавки; зголемување на ефикасноста во реализацијата на јавните набавки и зголемување на личниот интегритет на лицата вклучени во нивно спроведување.

Државниот Инспекторат за животна средина го води процесот на управување со јавните финансии преку механизмите за буџетирање, распределба, трошење и отчетност.

Државниот Инспекторат за животна средина како буџетски корисник ќе работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во управувањето со финансиските ресурси.

Отчетното управување со јавните финансии е од витално значење, а во таа насока Државниот Инспекторат за животна средина ја препознава потребата од ажурно споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки

### 2.3.7 Воспоставување на Систем за заштита на личните податоци-интегритет на информациите

Државниот Инспекторат за животна средина е во фаза на воспоставување на Систем за заштита на личните податоци што значи и интегритет на податоците. За таа цел назначен е Офицер за заштита на лични податоци, потпишани се Изјави и Овластувања за тајност и обработка на личните податоци.

Во идниот период, согласно барањата на новиот Закон за заштита на личните податоци ќе биде воспоставена правна рамка со носење на Политки, Правилник и Кодекс за заштитата на личните податоци.

Воедно во наредниот период во соработка со АЗЛП ќе се организираат и обуки од областа на заштитата на личните податоци, со креирање на организациска култура за заштита на податоците од злоупотреба.

**2.3.8 Активно учество во воспоставување на електронски систем за инспекција е-инспектор**

Државниот Инспекторат за животна средина учествува во пилот проектот за воспоставување на електронски систем за инспекција „Е-инспектор„.
Со воспоставување на овој систем би се намалило субјективното влијание на инспекторот при вршењето на надзор и водењето на постапката.
Дополнително, со воведувањето на овој систем би се зголемила меѓу институционалната соработка и би се олеснила комуникацијата помеѓу инспекциските служби.
Државниот Инспекторат за животна средина ќе продолжи со учество во проектот се до целосна применливост на истиот од месец април 2024 година.

**2.3.9 Целосна применливост и доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи**

Укажувачот има посебна и значајна улога, како во репресивниот, така и во превентивниот пристап кои се преземаат во борбата против корупцијата. Злоупотребите во институциите, понекогаш се откриваат само преку обелоденување на информации. Укажувањето може да биде важен дел од откривањето на злоупотребите. Често пати оваа информација ја гради основата за почетна административна истрага, интерна или екстерна, а таа пак може да резултира со кривична истрага.
Државниот Инспекторат за животна средина ја препознава важноста и улогата на Законот за заштита на укажувачи и согласно обврските кои произлегуваат од истиот ја има воспставено правната рамка во Инспекторатот, но за целосна применливост потребно е доусовршување преку одржување на обуки во соработка со ДКСК, и одржување на обуки со вработените во Инспекторатот со цел запознавање со улогата на законот.

**2.4 Носители на активностите**

Носители на предвидените актиности во Планот се: директорот, генералниот инспектор за животна средина, раководителите на сектори-главни инспектори и одделенија-виши инспектори, како и сите вработени во Државниот Инспекторат за животна средина во инспекцискиот и административниот дел.
Донесувањето на овој план, наметнува обврски за секторите и одделенијата во Државниот Инспекторат за животна средина со временска рамка за реализација за што е потребно секој раководител/вработен на организациска единица задолжена за

реализација на обврските од Антикорупцискиот план да ја следи агендата со активности и дефинирана временска рамка за нивно реализирање.
Директорот е надлежен да ја следи реализацијата на годишниот план и активностите утврдени во истиот врз основа на квартални извештаи од одговорните лица за секоја активност во Планот.

**3. ЗАВРШЕН ДЕЛ**

---

Овој план влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Во Скопје,**
**26.12.2023 год.**

**ДИРЕКТОР**
**М-р Сретен Стојковски**

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје
Shkup INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Republika e Maqedonisë së Veriut

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## АГЕНДА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2024 ГОДИНА

| Реден број | Цел | Активност | Носител | Временски рок |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Јакнење на интегритетот на вработените, градење на култура на нетолерантност кон корупцијата** | Континуирани обуки за сите вработени преку соработка со ДКСК, МИОА и други релеванти институции за конкретната област | Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки/ раководители на одделенија/сектор директор | Континуирано |
| 2. | **Почитување и правилна примена на законската регулатива со кои е уредена надлежноста на Државниот Инспекторат за животна средина** | Навремено и законито изрекување на соодветни инспекциски мерки за утврдените недостатоци и доставување на точни, прецизни извештаи за извршените инспекциски надзори, изречените мерки како и исходот од изречените мерки | Инспектори од секторите за инспекциски надзор во животната средина и природата и водостопанска инспекција | Континуирано |
| 3 | **Почитување на Етичкиот кодекс на инспекторите и Етичкиот кодекс на административн ите службеници** | Одржување и учество на обуки на вработените за примена на Кодексите. | Директор/раководите ли на сектор-одделенија | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Зголемување на институционалната транспарентност и доследно спроведување за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** | Навремено објавување на веб страната на закони, буџетот, информации, извештаи и настани кои се поврзани со работата на инспекторат. Доставување на навремени извештаи до АЗСПИЈК. | Овластено лице за слободен пристап на информации од јавен карактер | Континуирано |
| **5.** | **Воспоставување на Систем за управување со ризици за појава на корупција** | Изработка на Регистар на ризици и План за третирање на истите | Директор/ раководители на сектори/одделенија | Континуирано |
| **6.** | **Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и процесот за управување со јавните финансии** | Учество на обука на вработените за спроведување на јавните набавки. | Одделение за финансиски прашања/вработените кои учествуваат во процесот најавни набавки | Континуирано |
| | | Објавување на веб страната на инспекторатот на годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки | Одделение за финансиски прашања/ Овластено лице/лица за слободен пристап на информации од јаве карактер | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | **Воспоставување на Систем за заштита на личните податоци-интегритет на информациите** | Носење на Правилник и Кодекс за заштитата на личните податоци. | Директор/Офицер за заштита на лични податоци | Континуирано |
| | | Обуки од областа на заштитата на личните податоци, | Офицер за заштита на лични податоци/во соработка со АЗЛП | Континуирано |
| **8.** | **Активно учество во воспоставување на електронски систем за инспекција е-инспектор** | Активнсти за отпочнување со примена на електронскиот систем за инспекција „Е-инспектор„. | Раководител на Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата и Сектор за водостопанска инспекција/ советник информатичар | Континуирано |
| **9.** | **Целосна применливост и доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи** | Одржување на обуки за вработените | Во соработка со ДКСК/ Овластено лице за постапување по пријави | Континуирано |
| | | Постапување по пријави на укажувачи Доставување на извештаи до ДКСК | Овластено лице за постапување по пријави | Континуирано |